Синдикат на културата
на Република Македонија

С Т А Т У Т
НА
СИНДИКАТОТ НА
КУЛТУРАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 10.06.2026 година

Врз основа на членовите 184 став 1 и член 188 од Законот за работни односи, Синдикатот на култура на РМ, на својот IV, редовен Конгрес, одржан на 10.06.2026 год, го усвои следниот:

С Т А Т У Т
НА СИНДИКАТ НА КУЛТУРАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

ЧЛЕН 1

Синдикатот на културата на Република Македонија (понатаму СКРМ) е организација во која доброволно и врз демократска основа се зачленуваат сите вработени од областа на културата, на определено или неопределено време. СКРМ е самостоен и независен од државните органи, работодавачите, политичките партии, верските заедници и другите организации.

ЧЛЕН 2

Во изразувањето и заштитувањето на интересите СКРМ пред се поаѓа од волјата на своето членство.

ЧЛЕН 3

Во раководствата на синдикалните организации на СКРМ и во органите на СКРМ не можат да бидат предлагани и избирани:

. директори и раководни лица кои работодавачот ги овластил да донесуваат одлуки во врска со работниот однос на вработените,

. членови на управувачки органи на политички партии на сите нивоа на нивното организирање,

. претседатели на управни одбори во установите од областа на културата.

ЧЛЕН 4

СКРМ може да остварува соработка со други сродни синдикати, како и со други организации и здруженија.

ЧЛЕН 5

СКРМ има право да членува во европските и светските асоцијации и здруженија на соодветните синдикати.

1. ИМЕ, СЕДИШТЕ И СИМБОЛ

ЧЛЕН 6

Името на организацијата е “Синдикат на културата на Република Македонија”.

Скратеното име е СКРМ.

За меѓународна комуникација ќе се употребува “TRADE UNION OF CULTURE OF REPUBLIC OF MACEDONIA”.

ЧЛЕН 7

СКРМ е правно лице со седиште во просториите на Национална Опера и Балет, во Скопје Бул. “Гоце Делчев” бр. 4.

СКРМ се организира и делува на територија на Република Македонија.

ЧЛЕН 8

СКРМ има свој амблем кој служи како симбол.

2. АМБЛЕМ, ЗНАМЕ И ПЕЧАТ

ЧЛЕН 9

СКРМ има амблем кој го симболизира СКРМ.

Амблемот е во форма на правоаголник со стилизирани букви кои ја содржат кратенката СКРМ на портокалово – црна и бела позадина, при што буквите С и Р се обоени во бела боја, додека буквите К и М се обоени во портокалова боја. Под правоаголникот е впишано името: Синдикат на културата на Република Македонија со црни букви

ЧЛЕН 10

СКРМ има свое знаме и тоа во две бои, портокалова и црна, дијагонално поставени. Портокаловата одозгора, црната одоздола, во чија средина стои амблемот на СКРМ.

ЧЛЕН 11

Во СКРМ право на печат имаат Советот и Синдикалните организации.

Печатот на Советот е тркалезен со дијаметар -----и го содржи следното име:

СИНДИКАТ НА КУЛТУРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ.

Штембилот е правоаголен, со димензии: должина 60 мм и ширина 25 мм, со текст испишан на кирилско писмо, се наоѓа текстот кој гласи: СИНДИКАТ НА КУЛТУРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ. Во средината има ознака: Бр. _____. На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: _____., под која стои зборот: „Скопје“.

Печатот на СО е тркалезен со димензии, дијаметар 40мм, и го содржи следното име: СИНДИКАТ НА КУЛТУРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – Синдикална организација при _____ _____

(име на организацијата (седиште)

Во средината на печатот на Советот и на Синдикалната организација е амблемот на СКРМ.

ЧЛЕН 12

За ден на СКРМ се прогласува 22.март. Одбележувањето ќе се врши по програма што ја носи Советот на СКРМ.

3. ПРИНЦИПИ НА СКРМ

ЧЛЕН 13

СКРМ своето делување го заснова на следните принципи:

. Доброволност во зачленувањето;
. Демократичност во изразувањето и одлучувањето;
. Заемност и солидарност;
. Права и одговорности на членовите и органите на СКРМ;
. Јавност во информирањето.

4. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ И МЕТОДИ

ЧЛЕН 14

Основни цели и задачи на СКРМ се:

- да го постигне и унапреди социјално-економскиот статус и да го штити интегритетот на членството; да ја остварува и унапредува заштитата на правата на вработените во културата; остварување на правото на напредување и учество во одлучувањето врз основа на трудот; унапредување на условите за работа;
- заштита на правото на работа и права стекнати врз основа на работа и работен однос,
- колективно договарање,
- социјален дијалог,
- учество во подготовка на закони (на ниво на држава) од социјално-економски аспект и подготовка на правилници и нормативни акти во секоја институција – членка на СКРМ,
- следење на спроведувањето на законите и прописите од областа на правата на вработените во културата, соодветните колективни договори и примената на меѓународните конвенции,
- создавање мотивација за креативен и квалитетен труд за унапредување на професијата,
- поднесување барања до институциите на системот со иницијативи, предлози, мислења, со директно учество во нив,
- да дава согласност на нормативните акти на институциите каде што се вработени членовите на СКРМ,

- да го афирмира и реализира принципот на реципроцитет со странски уметници и ансамбли кои се ангажираат за настапи во РМ и да дава согласност за нивно учество во мултимедијални проекти на територијата на РМ,
- да го афирмира и реализира принципот на размена на стручни кадри
- градење на заедничка стратегија во делување на членовите
- заштита од репресија и дискриминација,
- правна заштита од работен однос преку застапување на членовите на синдикатот пред работодавачот, судските и други институции.

ЧЛЕН 15

СКРМ ги остварува целите преку:

- претставување и застапување на членството,
- градење на заедничка стратегија за дејствување на членовите на СКРМ,
- платформи, програми, ставови, барања и слично, по социјално – економските, работно – правните и професионалните прашања и нивно реализирање,
- преговарање и склучување на колективни договори и учество во социјално – економски совети,
- поповолни предлози за измени и дополнувања на законски акти и предлози за нови законски и други решенија,
- разни облици на синдикален притисок, протестни писма и декларации, јавни собири и митинзи, протестни прошетки и демонстрации, вклучувајќи го и правото на штрајк,
- информирање на јавноста преку соопштенија, конференции за печат, директни настапи преку јавни медиуми, истакнување на плакати на јавни места и слично,
- издавање на билтени, прирачници и други печатени материјали,
- известување и барање поддршка од меѓународните организации,
- меѓународна соработка врз основа на заедничка платформа,
- остварување на други заеднички цели и интереси.

5. ЗАЧЛЕНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

ЧЛЕН 16

Членови на СКРМ можат да бидат вработените од член 1 од овој Статут, кои доброволно ќе пристапат со давање на писмена изјава во вид на пристапница.

СКРМ води регистар на членството кој се ажурира после секој Конгрес.

ЧЛЕН 17

Зачленувањето во СКРМ е доброволно без разлика на политичките и религиозните убедувања, национална, етничка, расна и полова припадност.

ЧЛЕН 18

На вработениот кој потпишал пристапница може да му се издаде членска карта од страна на С.О. со која го докажува членството во СКРМ.

Членската карта е сопственост на СКРМ.

ЧЛЕН 19

Членот има право да бира и да биде биран во органите на СКРМ, да учествува во работата и да придонесува во развојот и афирмацијата на СКРМ.

ЧЛЕН 20

Членството може да мирува ако членот се стекне со функција која може да биде во судир со интересите на СКРМ.

ЧЛЕН 21

Членството во СКРМ престанува:

. со доброволно истапување на членот со давање писмена изјава до претседателот на синдикалната организација, при што ја враќа членската книшка на СКРМ,

. не го почитува Статутот и др. акти на СКРМ, работи спротивно на интересите на СКРМ,

. ги оневозможува и попречува функциите на СКРМ,

. по автоматизам (ако членот не плати членарина три месеци едноподруго)

. делува во насока на рушење на угледот и авторитетот на СКРМ

. По автоматизам со престанок на работниот однос во установата по било кој основ;

. Не учествува во гласање со задолжително гласање за важни одлуки во СО или во Совет на СКРМ.

ЧЛЕН 22

Исклучувањето го врши синдикалната организација каде што е организиран членот. Оваа мерка се применува во случаи на непочитување на Статутот на СКРМ и одлуките на Советот на СКРМ.

Одлуката за исклучување се доставува до членот лично. Доколку членот одбива да прими, истото ќе се забележи и ќе се смета дека доставата е уредно извршена.

Исклучениот член има право на жалба до Советот на СКРМ во рок од 15 дена од примената одлука за исклучување.

Исклучениот член може повторно, со одлука на Советот на СКРМ да се зачлени само уште еднаш, а доколку потоа повторно биде исклучен, веќе нема право на повторен прием.

Во исклучителни случаи кога членот го загрозува делувањето на одлуките на Советот на СКРМ, врши медиумска кампања против синдикатот или неосновано го користи логото на СКРМ, исклучувањето на членот може да го изврши и Советот на СКРМ со мнозинство гласови од присутните, а синдикалната организација треба да го спроведе исклучувањето.

6. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОТ НА СКРМ

ЧЛЕН 23

Членот на СКРМ ги има следните права:

- да добива заштита од СКРМ во остварување на правата од работниот однос,
- да користи права од колективен договор,
- да користи права од синдикален фонд и друга синдикална помош,
- да предлага, да бира и да биде биран во органите на СКРМ,
- да учествува во одлучувањето и реализацијата на одлуките,
- слободно да го изразува мислењето и да го брани на состаноци, конференции, советувања и конгреси,
- да добива информации за синдикална активност и за реализирање на одлуките,
- да доставува до синдикалните органи барања, мислења, предлози, критички забелешки и жалби во врска со поважни синдикални проблеми и да бара одговор и активност за нивно решавање,
- синдикална едукација,
- да добива награди и признанија од СКРМ за синдикална активност,
- поповолна набавка на основни животни потреби преку синдикалната организација,
- да остварува и други права што ќе ги обезбедува СКРМ,
- Членот на овој синдикат чии права од работен однос се повредени има право на правна помош, без надоместок, под услов да е член на овој синдикат најмалку 3 месеци пред да бидат повредени неговите права и редовно да ја плаќа членаринатa.
- Начинот и условите за остварување на правото на правна помош, без надоместок, поблиску се уредува со одлука или општ акт на Советот на СКРМ,
- Има право да биде номиниран од страна на Претседателство за најдобар синдикалец.

ЧЛЕН 24

Членот на СКРМ ги има следните обврски:

. да го почитува и спроведува Статутот на СКРМ,

. да ги почитува и спроведува одлуките на конгресот и Советот на СКРМ,

. да го гради единството на СКРМ и да го штити неговиот авторитет,

. да плаќа редовно членарина,

. да зема активно учество во сите организирани активности на СКРМ (јавни собири, митинзи, протестни прошетки, демонстрации и штрајк).

Сите членови на СКРМ и носителите на функции сносат поединечна одговорност, сменливи се, можат да се отповикаат, подлегнуваат на постапка на укажување на доверба и можат да бидат разрешени и целосно отстранети од СКРМ.

Отповикувањето освен од Претседателот на СКРМ може да биде иницирано и на предлог на мнозинството на Советот на СКРМ доставено до Претседателството на Синдикатот.

Отповикувањето се врши во следниве случаи:
- ако дејствува спротивно на Статутот и насоките и програмата на СКРМ
- ако во СКРМ дејствува од партиски позиции;
- непочитување или неизвршување на одлуките на органите
- учество во активности што водат кон разбивање на Синдикатот или поттикнување на такви активности.
- ако неоправдано не учествува во работата на повеќе од 3 седници на органите на СКРМ.

7. СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СКРМ

ЧЛЕН 25

Синдикалната организација на СКРМ (во понатамошниот текст СО) е основен облик на организирање во СКРМ.

Синдикалната организација (СО) има жиро сметка, доколку се оформи солидарен фонд се отвора потсметка за таа намена.

ЧЛЕН 26

По иницијатива на вработените во институциите од областа на културата, се формира СО.

Иницијатива за формирање на СО можат да дадат група вработени во установата/институцијата.

Свикувањето на Основачко собрание на СО го врши Иницијативниот одбор од најмалку тројца вработени.

Одлука за формирање СО носи Основачко собрание на синдикалната организација и за истата се известува Советот на СКРМ.

За да се формира СО треба да има најмалку три членови.

ЧЛЕН 27

СО остварува функции и задачи кои произлегуваат од Статутот и Програмата на СКРМ, а особено:

. Склучува Колективен договор на ниво на работодавач,

. Учествува во расправата во постапката за донесување на колективните договори и се ангажира за нивно спроведување,

. Учествува во расправата во постапката за донесување акти на установата со кои се регулира економско – социјалната положба на членството

. Предлага членови во органите на СКРМ,

. Носи одлуки за штрајк во основната синдикалната организација.

. Учествува во расправа во постапка за донесување на правни акти

ЧЛЕН 28

Органи на СО се

Собрание,

Надзорен одбор и

Претседател на синдикалната организација.

На ниво на СО може да се изберат и **потпретседатели.**

ЧЛЕН 29

Собранието го сочинуваат сите членови на СО и се одржува по потреба и задолжително пред Конгрес.

Собранието може да се одржи ако се присутни повеќе од половината од членовите на синдикалната организација, а одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните членови.

Собранието ја оценува работата на претседателот и го усвојува извештајот на Надзорниот одбор.

Собранието избира претседател и потпретседатели на синдикалната организација и Надзорен одбор.

Вонредно собрание се одржува по иницијатива на претседателот на СО или по барање на најмалку 3 (три) члена на синдикалната организација.

Претседателот и заменик претседателот имаат право на паричен надомест за покривање на материјалните трошоци, кои настануваат заради извршување на овие функции. Овој надомест ќе се исплатува доколку синдикалната организација има доволно средства кои го покриваат основното нејзино функционирање.

Собранието треба да донесе одлука за висината на месечен финансиски надомест на претседателот и потпретседателите на СО. Висината на финансискиот надомест може да се промени со одлука на собранието во зависност од зголемувањето на вкупниот прилив на средства од членарините на членството, покачување на платите или промена на животниот стандард како и обемот на ангажираност.

Собранието треба да изработи и изгласа **правилник за користење на финансиски средства од сметката на сопствената СО** наменети за неповратна финансиска помош во случај на болест, незгода и сл., за подобрување на условите на работа и за стимулирање на членството (детски пакетчиња за нова година, поклони за 8ми март и сл.) за доделување на бескаматен кредит на своите членови со точно утврдени висина и број на рати, со кој ке се спречи дискриминација и целосно исцрпување на сметката.

ЧЛЕН 30

Претседателот на СО свикува состаноци и претседава на истите, ја застапува СО во установата, ја претставува пред органите на СКРМ и во правниот промет.

Претседателот:

. ја следи економско – социјалната положба на членството во СО, покренува иницијативи и барања и предлага решенија за подобрување на истата пред работодавачот,

. преговара и потпишува колективен договор со работодавачот и го следи неговото спроведување,

. ги штити правата од работен однос и ги застапува членовите при нивното остварување во установата,

. се ангажира за создавање и подобрување на условите за работа и заштита при работа,

. се ангажира за обезбедување на услови за задоволување на потребите од културата, рекреацијата, одморот и спортувањето на членството,

. има задача за навремено и точно информирање на членството и на органите и телата на СКРМ,

. ги пренесува ставовите на СО пред органите и телата на СКРМ,

. претседателот учествува во договарањето за дополнително ангажирање на вработените во културата (дополнителна програма),

. задолжително е присутен на сите активности ако таму има најмалку 20% од членството.

Претседателот делува и зачленува нови членови и се грижи за навремено и правилно прибирање на синдикалната членарина.

Претседателот е потписник на сите документи на СО и е наредбодавец на средствата.

Претседателот ја чува документацијата, печатот и штембилот на синдикалната организација, и дава согласност и овластувања за чување на документацијата, печатот и штембилот на СО.

Мандатот на претседателот на синдикалната организација трае четири (4) години со можност истиот да биде повторно избран.

За својата синдикална активност има имунитет и заштита од губење на работното место за време на својот мандат и две години по завршување на мандатот.

Во отсуство на претседателот неговата надлежност ја вршат потпретседателите.

Состанок на СО се свикува и по барање на најмалку 3 (три) члена на синдикалната организација со предлог на дневен ред.

Претседателот на СО може да оформи viber група или сличен тип на електронска комуникациска група со цел на брзо и навремено информирање и координирање на работата на СО. И во случаи каде е потребна итна одлука поради брза реакција на СКРМ преку електронски пат да се врши гласање и да се донесат легитимни одлуки на собрание СО. Комуникацијата во групата се смета за деловна тајна, доколку претседателот на СО не одлучи поинаку. Доколку претседателот увиди злоупотреба на групата од различна природа, од страна на член на Советот, има право да го отстрани од групата со цел да овозможи нејзино непречено функционирање.

ЧЛЕН 31

Претседателот на СО ја претставува и застапува СО во правниот промет и спрема трети лица.

ЧЛЕН 32

Собранието на СО избира Надзорен одбор составен од три члена и тројца заменици. Надзорниот одбор од својот состав избира претседател. Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае четири (4) години со право на реизбор.

Надзорниот одбор врши надзор над материјално – финансиското работење на СО.

Во случај на утврдена неправилност за материјално – финансиско работење, Надзорниот одбор ја известува СО и Надзорниот одбор на СКРМ.

8. ОРГАНИ НА СКРМ

ЧЛЕН 33

Органи на СКРМ се:

. Конгрес
. Совет
. Претседател
. Надзорен одбор

ЧЛЕН 34

За сите членови на органите на СКРМ соодветно се применуваат одредбите од член 24 од овој Статут.

Лицата кои ќе бидат избрани во претседателството на СКРМ доставуваат изјава дека не се членови на политичка партија.

КОНГРЕС

ЧЛЕН 35

Конгресот е највисок орган на СКРМ, кој се свикува на четири (4) години.

Одлуката за датумот и местото на одржување, како и предлогот за дневниот ред за работа на Конгресот, донесува Советот најдоцна 30 дена пред неговото одржување.

Предлог документите за Конгресот се стават на расправа пред членството најмалку 15 дена пред одржување на Конгресот.

ЧЛЕН 36

Делегати на конгресот по автоматизам се членовите на Советот. Покрај членовите на советот, се бираат делегати и од секоја С.О. според бројот на членови на истата. До 20 членови еден делегат, до 40 членови два делегата и т.н. односно на секој 20 члена се бира по еден делегат.

ЧЛЕН 37

За да заседава Конгресот потребно е присуство на два третини на делегати на Конгресот, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните делегати на Конгресот.

ЧЛЕН 38

Вонреден Конгрес може да се свика со одлука на Советот или по барање на мнозинството од синдикалните организации.

Барање за Вонреден Конгрес се покренува кога ќе се оцени дека Советот не може да делува врз основа на важечките програмски документи, кога не ги остварува програмските задачи или кога ќе го напуштат повеќе од една половина членови на СКРМ.

ЧЛЕН 39

Конгресот ги има следните надлежности:

. донесува Деловник за работа на Конгресот,
. донесува Статут и програмски документ,
. го разгледува и усвојува Извештајот на Советот за активностите на СКРМ и Извештајот на Надзорниот одбор,
. врши разрешување и избор на Советот и Надзорниот одбор,
. врши верификација на членовите на Советот по функција,
. врши избор на Претседател на СКРМ
. носи одлука за престанок на СКРМ

СОВЕТ

ЧЛЕН 40

Советот е највисок постојан орган на СКРМ, кој работи и дејствува меѓу два Конгреса и е извршен орган на Собранието, во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето.

ЧЛЕН 41

Во Советот на СКРМ по автоматизам членуваат сите претседатели на синдикалните организации. Синдикалната организација именува уште по еден член од своите редови на секој 50-ти член во нејзините редови.

Во Советот по автоматизам членува и Претседателот на Синдикатот, кој воедно е и Претседател на Советот.

Мандатот на членовите трае четири години со можност за реизбор.

Ако членот на Советот три пати едноподруго неоправдано отсуствува на седниците на Советот, му престанува членството односно мандатот во Советот. На негово место се избира нов член на Советот од соодветната СО, после три месеци од исклучувањето.

ЧЛЕН 42

Советот на СКРМ ги има следните надлежности:
. ги спроведува статутарните и програмските задачи на СКРМ,
. ги реализира определбите на Конгресот на СКРМ,
. донесува и реализира годишна програма за работа предлага измени и дополнувања на Статутот, ги утврдува заедничките интереси и активности за нивно остварување, ги утврдува заедничките основи за преговарање и склучување колективни договори, со предлози и мислења учествува во постапка за донесување на закони и други прописи кои регулираат работоправни, социјално – економски и професионални интереси, како и ставови по однос на нивно реализирање,
. дава мислења и предлози при утврдување на нормативите и стандардите за работа на вработените во дејностите,
. донесува одлуки за организирање на Генерален штрајк и формира штрајкувачки одбор,
. донесува одлуки за организирање протести,
. донесува одлуки за распишување на редовни избори на СКРМ,
. го носи Финансискиот план и ја усвојува Завршната сметка на Советот на СКРМ,
. донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства,

. може да формира солидарен фонд на СКРМ,

. одлучува за доделување на еднократна наменска помош на своите членови, во сличај на барање за високи суми

. формира постојани и повремени комисии,

. врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот и Законот.

ЧЛЕН 43

Советот за својата работа одговара пред Конгресот.

Во текот на мандатниот период Советот може да врши замена на членовите на својот состав верификуван од Конгресот по структура на дејности.

Седниците ги свикува претседателот, а предлог за свикување можат да поднесат и најмалку половина од членовите на Советот, една третина од Собранието и Надзорниот одбор.

Со седницата раководи и претседава претседателот, а во негово отсуство еден од двајцата потпретседатели.

Седниците се одржуваат со физичко присуство, онлајн или комбинирано.

Седниците на Советот тонски се снимаат од страна на Претседателот на Совет, за што пред почетокот на секоја седница, претседателот ги известува присутните.

За Советот да може да работи, потребно е на седниците да присуствуваат мнозинството од неговите членови, а одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат повеќе од половина од присутните членови.

НАДЗОРЕН ОДБОР

ЧЛЕН 44

По избир на Советот, Конгресот го верификува Надзорен одбор составен од три члена и три заменици, со мандат од 4 години и со можност за реизбор.

Надзорниот одбор од својот состав избира претседател со мандат од 4 години.

Надзорниот одбор може да работи и одлучува со најмалку 2 (два) члена.

ЧЛЕН 45

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

. Надзор на материјално – финансиско работење,

. Врши контрола на распределбата и употребата на финансиските средства,

. Најмалку еднаш годишно врши контрола во вкупното материјално и финансиско работење, на примената на одлуките, правилниците и користење на имотот. По барање на членовите на СКРМ, надзорниот одбор има право да изврши контрола на финансиското работење без претходна најава. За сите извршени контролни дејствија Надзорниот одбор составува записник и истиот го доставува до Советот. Соработува со Надзорните одбори на синдикалните организации и со инспекциските служби. Овластен е да врши контрола на материјално – финансиското работење на основните организации.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СКРМ

ЧЛЕН 46

Конгресот избира претседател на СКРМ.

Мандатот на претседателот на СКРМ трае четири (4) години со право на реизбор.

Кандидатура за претседател на СКРМ се доставува во пишана форма со поддршка од најмалку 1/3 од членовите на советот најкасно еден месец пред одржување на конгрес.

ЧЛЕН 47

Претседателот го претставува и застапува СКРМ во правниот промет и пред трети лица.

ЧЛЕН 48

Претседателот ги има следните задачи:

. ги свикува седниците на Советот на СКРМ и раководи со нив, а во негово отсуство еден од потпретседателите,

. ги иницира активностите на органите на СКРМ,

. остварува разговори и преговори со соодветните партнери во државата и ги потпишува колективните договори по дејности,

. ги насочува активностите на Советот во согласност со Статутот и програмата на СКРМ,

. контактира со средствата за јавно информирање и држи конференции за печат,

. остварува соработка со други синдикати, здруженија и невладини организации,

. воспоставува контакти и соработка со соодветните синдикати и асоцијации од другите земји,

. ги потпишува сите акти на Советот на СКРМ и изгласани одлуки и документи,

. наредбодавец е на средствата на советот

. може да закаже online состаноци на советот доколку постои неможност за физичко присуство на мнозинството членови на советот.

. Може да оформи viber група или сличен тип на електронска комуникациска група со цел на брзо и навремено информирање и координирање на работата во советот. И во случаи каде е потребна итна одлука поради брза реакција на СКРМ преку електронски пат да се врши гласање и да се донесат легитимни одлуки на Советот на СКРМ. Доколку претседателот увиди злоупотреба на групата од различна природа, од страна на член на Советот, има право да го отстрани од групата со цел да овозможи нејзино функционирање.

. врши и други работи во согласност со овој статут и по овластување на Советот од негова надлежност.

Претседателот за својата работа е одговорен пред Конгресот на СКРМ.

Во отсуство на претседателот неговата надлежност ја вршат потпретседателите. Потпретседателите се бираат од редот на Советот на СКРМ.

ЧЛЕН 49

Во случај кога претседателот на СКРМ е трајно спречен за вршење на функцијата или поднесе оставка, Советот од своите членови избира вршител на должност – претседател на СКРМ до наредниот Конгрес.

Вршителот на должност – претседател на СКРМ го организира следното одржување на Конгрес.

СЕКРЕТАР

ЧЛЕН 50

Советот бира Секретар на Советот по предлог на претседателот на СКРМ, од редот на Советот на СКРМ или од редот на истакнати членови на СКРМ кои не се во Советот.

Мандатот на Секретарот на Советот трае четири (4) години со право на реизбор.

Секретарот ги има следните задачи:

- ги подготвува материјалите за седниците на Советот,
-ги координира активностите на претседателите на синдикалните организации,
- ја организира активноста за едукација,
- врши други работи по овластување на претседателот на СКРМ согласно Статутот.

ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

ЧЛЕН 51

Веднаш по одржувањето на конгресот, на седница на Совет, претседателот предлага потпретседатели на СКРМ. Бројот на потпретседателите ги предлага претседателот на СКРМ, во зависност од потребите и ангажманот на претседателството, а истите ги потврдува Советот на СКРМ.

Доменот на активности на потпретседателите се утврудва од страна на претседателството на предлог на претседателот на СКРМ.

При предлагање на потпретседателите, претседателот и советот се должни да водат сметка за соодветна застапеност на дејностите во културата и тоа: сценско музичка дејност, заштитна дејност и театарска дејност.

9. **ФИНАНСИРАЊЕ**

ЧЛЕН 52

Работата на СКРМ се финансира од членарина, а може и од други приходи како што се донаторство, спонзорство, камати на сопствени средства, банкарски записи и подароци.

Висината на месечната членарина изнесува 1% од нето платата на членот, од кои 70% останууваат на сметката на СО, а останатите 30% се префрлуваат на сметката на СКРМ.

ЧЛЕН 53

СКРМ за извршување на својата функција обезбедува средства од членарина, подароци, донации,прилози, спонзорства и други извори.

СКРМ може да стекнува средства и со извршување стопанска дејност и давање услуги, за што одлука донесува советот.

Средствата од членарините се пресметуваат и уплатуваат на сметка на СКРМ преку работодавачот при исплата на платата.

ЧЛЕН 54

На претседателот, на потпретседателите и на секретарот на СКРМ им следува месечен финансиски надомест, за покривање на материјалните трошоци кои произлегуваат од извршувањето на овие функции, а чија висина се одредува со одлука на Совет.

Висината на финансискиот надомест може да се промени со одлука на совет во зависност од зголемувањето на вкупниот приливот на средства од членарините на членството, покачувањето на платите или промена на животниот стандард, како и обемот на ангажираност.

10. СОЛИДАРЕН ФОНД

ЧЛЕН 55

За остварување на солидарна материјална помош и користење на други материјални погодности во рамките на СКРМ, може да се формира Солидарен фонд (во понатамошниот текст: Фонд)

Начинот на организација и работење на Фондот се уредуваат со Правилник за работа со фондот.

11. СТРУЧНА СЛУЖБА

ЧЛЕН 56

Стручната служба на СКРМ ја сочинуваат извршители согласно акт за систематизација и организација на стручна служба што го носи Советот на СКРМ.

Доколку нема вработени лица, за вршењена стручни и административни работи, се ангажираат физички лица согласно потребите. Сите надворешни лица ангажирани од страна на Синдикатот се должни да ја почитуваат обврската за деловна тајна и принцип на работа во интерес на Синдикато како целина и јавно добро, а не во интерес на поединци. Во случај на постапување спротивно на овие обврски, претседателството има право веднаш да го прекине ангажманот, без претходно предупредување.

Со стручната служба раководи Претседателот на СКРМ.

12. ПРЕСТАНОК

ЧЛЕН 57

СКРМ може да престане со работа доколку:

- Со одлука на Конгресот на СКРМ, доколку за тоа гласаат најмалку две третини од вкупниот број делегати,
- Кога бројот на членови ќе се намали под определениот број за основање,
- Кога со правосилна одлука на надлежен орган ќе се забрани работата на синдикатот,
- Во други случаи утврдени со закон.

По престанокот на работата на СКРМ, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обрвските, преминуваат во сопственост на синдикалните организации кои

во моментот членуваат во СКРМ, во висина која ќе се определи со посебна одлука на Советот на СКРМ.

13. **ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

ЧЛЕН 58

Толкување на одредбите на овој Статут дава Советот на СКРМ.

Предлог измени и дополнувања на Статутот помеѓу два Конгреса врши Советот на СКРМ со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот, а за кои измени одлука носи Конгресот на СКРМ.

ЧЛЕН 59

СО во состав на СКРМ имаат рок од 6 месеци од влегувањето во сила на овој Статут да ги прилагодат своите Статути и другите внатрешни акти.

СО која нема да го прилагоди својот статут и акти во рок од 6 месеци од донесувањето на овој Статут, за таа СО ќе важи овој Статут.

СКРМ ќе ги изготвни внатрешните акти во согласност со овој статут во рок од 6 месеци од неговото донесување.

ЧЛЕН 60

Овој статут стапува во сила со денот на донесувањето.

Со донесувањето на овој Статут, престанува да важи Статутот на СКРМ донесен на 18.05.2022 година.

Претседателка на СКРМ

Вера Атанасовска